**20171903755**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став 1 алинеја 13 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16 и 190/16), министерот за внатрешни работи донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Решенито за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/15), во делот I став (1) по точката 36 се додаваат шест нови точки 37, 38, 39, 40, 41 и 42 кои гласат:

„37. Меѓународна возачка дозвола.....250,00 денари

38. Лиценца за предавач по наставна програма,
сообраќајни правила и прописи во автошкола..600,00 денари

39. Лиценца за возач-инструктор во автошкола..600,00 денари

40. Лиценца за контролор во испитен центар..3.000,00 денари

41. Лиценца за испитувач по наставна програма
сообраќајни правила и прописи (теоретски дел)..3.000,00 денари

42. Лиценца за испитувач по наставна програма
управување со возила (практичен дел)..3.000,00 денари.“

Член 2

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.11-87052/1
15 декември 2017 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.